r

# Број 7
# 28.05.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Мај, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 28 .05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 10. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **10.** седница одржана на **27.05.2026** година:

1.**Одлука** за пристапување кон измена на Статутот на Општина Делчево;
2. **Одлука** за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;
3.**Решение** за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево;
4. **Одлука** за промена на назив на установа и скратен назив;
5. **Одлука** за прифаќање на донација**;**
6. З**аклучок** за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;
7. **Одлука** за формирање на Просторни сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;
8. **Одлука** за утврдување на висина на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево;
9.**Одлука** за одобрување на финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание;
10**. Одлука** по барање за спонзорство бр.09-1639 од 13.05.2026;
11. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026 ;
12. **Одлука за недонесување** Одлука за финансиска поддршка за организација на манифестација „Црешијада“ бр.09-1846 од 20.05.2026 година;

13. **Одлука** за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 ;
14. Одлука за одобрување на финансиски средства на Месна заедница Косово Дабје.

15.**Одлука** за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;

16.**Одлука** за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1986 /1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28. 05.2026** **Градоначалник,**
**Делчево** **Иван Гоцевски,с.р.**

**1** .Врз основа на член 157 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата десетта седница, одржана на 27.05.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
## ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Член 1**

Се пристапува кон измена на Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-1967/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.05.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 35 став 1 алинеја 5 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/2022) и член 9 став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 66/2004, 89/2008, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015, 39/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/202, 3/2025), Советот на Општина Делчево на својата 10. седница, одржана на ден 2705.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево

**Член 1**

Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево престанува со работа заради необезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста за која е основан.

**Член 2**

Музејските предмети согласно со Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/1 од 09.09.2008 година, Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/2 од

15.10.2008 година и Елаборат за валоризација на етнолошката збирка бр.03-838/1 од 25.08.2008 година и целокупната документација ќе бидат преземени од Национална установа *Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“* Делчево, за што ќе биде донесена посебна Одлука за давање на трајно користење на археолошко-етнолошко музејска збирка.

Член 3

Со денот на влегување во сила на оваа одлука започнува постапката за ликвидација на установата согласно Законот за установи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево бр.09-3053/1 од 30.12.2025 година.

Бр. 09 - 1968/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05. 2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**3.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 35 став 3 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/2022), а во врска со член 3 од Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 10. седница, одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево

Член 1

Се назначува **Ванчо Новоселски** од с.Звегор, Делчево, досегашно овластено лице за застапување како ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево.

Член 2

Ликвидаторот од член 1 на ова Решение е должен:

1. да ја спроведе постапката на ликвидација согласно Законот за установи, Законот за облигациски односи и другите важечки прописи;
2. да ги утврди имотот, обврските и побарувањата;
3. да ја изготви потребната документација;
4. да го организира преносот на музејските предмети;
5. да состави завршен ликвидациски извештај.

Член 3

Ликвидаторот ја претставува установата во постапката до нејзино конечно бришење.

Член 4

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Член 5

Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево бр.09-286/1од 30.01.2026 година.

**Бр. 09- 1969/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.05.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 35 став 3 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/2022) и член 46 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009; 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/2011, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 217/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018, 195/2018, 225/2018, 239/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.79/2020, 123/2020, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), а во врска со Одлуката за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево, основачот на Локалениот историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево со ЕМБС 6459080, Советот на Општина Делчево, на својата 10. седница, одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за промена на назив на установа и скратен назив

Член 1

Се менува називот на установата и новиот назив гласи:
Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.

Член 2

Се менува скратениот називот на установата и новиот скратен назив гласи:
МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево-во ликвидација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за промена на назив на установа и скратен назив бр.09-855/1 од 12.03.2026 година.

Бр. 09 - 1970 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05.2026 година | Претседател
Делчево | Николчо Стојменовски,с.р.

**5.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Делчево на својата 10.седница одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација**

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за прифаќање на донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз извоз Делчево.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во изработка на 9 (девет) Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за потребите на Општина Делчево и тоа:

1.Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,27-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);

2.Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,28-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје

урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,25-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,17-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
5. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,19-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
6. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 4,20-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
7. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 1,27-опфат Б4 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година);
8. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 3,13-опфат Б3 (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2, дел од блок 2,2 одлука бр.07-1823/1 од 06.09.2011 година) и
9. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци КО Делчево за градежна парцела ГП 2,06-опфат Модул М2 (Детален урбанистички план – урбан блок „ПРОЛЕТ“ 2 одлука бр.07-775 од 04.07.2005 година).

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како прималет на донацијата и давателот на донацијата Трговско друштво за геодетски работи ГЕО КОМ ДООЕЛ, увоз извоз Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09- 1971/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05.2026 година | Претседател
Делчево | Николчо Стојменовски,с.р.

**6.** Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 25 од Законот за полиција ( Службен весник на Република Македонија бр.114/2006, 148/2008, 6/2009, 92/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 21/2018, 64/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.294/2021, 89/2022), Советот на Општина Делчево, на својата 10.редовна седница, одржана на 27.05. 2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево на Полициската станица од општа надлежност Делчево, бр.23.28.11.1-4700 од 24.04.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до Министерот за внатрешни работи на РСМ и Народниот правобранител на РСМ.

Бр. 09 – 1972/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

27.05.2026 година — Претседател

Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**7.** Врз основа на член 34 став 1 и 2, член 94 став 4 од Законот за заштита и спасување(,,Сл.весник на РМ,,бр.36/04 и 83/2018) и Уредбата за видот, големината и организацијата на силите за заштита и спасување (,,Сл.весник на РМ,,бр.12/06, Советот на општина Делчево на 10.седница одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

Одлука
За формирање на Просторни сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се формираат Просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево

Член 2

Силите за заштите и спасување се формираат за дејствувањето на подрачјето на општина Делчево заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни и други непогоди.

Член 3

Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево се формираат како Универзална единица за заштита и спасување.

Член 4

Универзалната единица за заштита и спасување се формира во формација на вод и брои 19 припадници.

Член 5

Составот, материјално-техничкото опремување и обука на припадниците на Единицата ќе се врши согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување,,(Сл.весник на РМ,,бр.124/06).

Член 6

Со Просторните сили командува и раководи Штабот за заштита и спасување формиран од Советот на општина Делчево.

Член 7

За ангажирање на припадниците на Просторните сили и нивната обука следува паричен надомест согласно Одлуката за утврдување и висината на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при општина Делчево бр.09-30.03.2018 година објавена во ,,Сл.власник на општина Делчево,, бр.5.од.03.04.2018 година.

Член 8

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Сл.весник на општина Делчево,,.

**Број 09-1973/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.05.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**8.** Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02), а во врскасо член 126, член 130, член 132 и член138 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04;49/04; 86/08; 124/10; 18/11; 41/14; 129/15; 71/16 и 106/16) Советот на Општина Делчево на својата 10.седница, одржана на 27.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на надоместокот на граѓаните во извршување на на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на паричниот надоместок на граѓаните кои ќе бидат повикани заради извршување на должностите од областа на заштитата и спасувањето во врска со учеството во просторните сили за заштита и спасување што ги формира Општина Делчево.

Член 2

На припадниците на просторните сили им следува надоместок во висина од 3% од просечната месечна плата по работник во Република Северна Македонија објавена од Државниот завод за статистика за претходниот месец, по реален ангажман, а за раководните лица 5% по реален ден ангажман.

Надоместокот се исплатува врз основа на наредба за активирање на просторните сили донесена од Градоначалникот или овластено лице, како и врз основа на евидентиран извршен ангажман согласно службена документација.

**Под реален ангажман** се смета ден во кој припадникот на просторните сили бил ангажиран во активности на:

-превенција
-подготвеност
-интервенција
-спасување
-евакуација
-логистичка поддршка
-отстранување последици од природни непогоди и други несреќи.

Член 3

Граѓаните што се повикани заради извршување на правата и на должностите во Просторните сили за заштита и спасување формирани од Општината, ако во текот на извршувањето на должностите им се обезбедат бесплатен превоз, бесплатна исхрана и бесплатно сместување-ноќевање.
Надоместоците се исплатуваат само за деновите на документарен реален ангажман врз основа на:
-листа за присуство
-извештај за ангажирање
-или друга службена евиденција потврдена од раководното лице.

Член 4

Средствата за паричниот надоместок на граѓаните заради нивното учество во просторните сили за заштита и спасување во Општина Делчево ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Делчево.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево’’

**Број 09-1974/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.05.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**9.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање за финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание, вр.09-1579/1 од 11.05.2026, Советот на Општина Делчево на својата 10.седница, одржана на ден 27.05. 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за одобрување на финансиски средства**
**за издавање на Монографија за Разловечкото востание**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **10.000** денари .

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за издавање на Монографија за Разловечкото востание, по повод јубилејот 150 години од Разловечкото востание.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Славчо Десподов**, на сметка 300 007 059 417 051, Комерцијална Банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1975/ 1**
**27.05. 2026 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски, с.р.**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање за спонзорство од ФК Напредок 2025 од Пехчево, бр.09-1639 од 13.05.2026, Советот на Општина Делчево на својата 10.седница, одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**по барање за спонзорство**
**бр.09-1639 од 13.05.2026**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства по Барање за спонзорство во износ од **5.000** денари на ФК Напредок од Пехчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за организирање на меѓународен турнир во мал фудбал за генерации од 2024, 2025, 2016 и 2017.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево за 2026 година, на жиро-сметка 300200000009047, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1976/1**
**27.05.2026 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**

Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**11.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 10. редовна седница, одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2026 до 30.06.2026.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 1977 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05. 2026 год. Претседател,
Д е л ч е в о Николчо Стојменовски,с.р.

**12.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барањ за финансиска поддршка на организација на манифестација „Цреșијада" бр.09-1846 од 20.05.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 10.седница, одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За недонесување на Одлука за финансиска поддршка за организација на манифестација „Црешијада" бр.09-1846 од 20.05.2026**

Член 1

Советот на Општина Делчево не ја донесе Одлуката за финансиска поддршка за организација на манифестација „Црешијада" бр.09-1846 од 20.05.2026.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09-1978/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05.2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски, с.р.

**13.** Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.143/2019 , 14/2020, 215/2021 , 99/2022, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Делчево на 10.редовна седница, одржана на ден 27.05. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За согласност на Измената на Годишниот план за вработување**

**на Општина Делчево за 2026 година**

Член 1

Советот на Општина Делчево, дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година, архивски број 19- 1945/1 од 22.05.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 1979/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**27.05. 2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**14.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање за финансиски средства за издавање на Монографија за Разловечкото востание, вр.09-1803/1 од 18.05.2026, Советот на Општина Делчево на својата 10.седница, одржана на ден 27.05. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**на Месна заедница Косово Дабје**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **30.000** денари на Месна заедница Косово Дабје.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за опесочување на критични точки на локалниот пат и поставување цевки на критични испусти.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Фиданчо Димитровски**, на сметка200001412313784, Стопанска Банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1980/ 1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**27.05. 2026 година** — **Претседател,**

**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**15.** Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево, а во врска со член 31 од Законот за управување со отпадот „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) и член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Делчево, на 10.седница одржана на ден 27.05.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

### Член 1

Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе утврдена во членот 11-а распоредот на гласови е следен:

| Општина | Жители* | kg/жител/ден | Отпад t/год | Коефициент на гласови |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | ~98.000 | 0.95 | ~34.000 | 85 |
| Штип | ~41.000 | 1.00 | ~15.000 | 37,5 |
| Кочани | ~31.000 | 0.90 | ~10.200 | 25,5 |
| Свети Николе | ~18.000 | 0.85 | ~5.600 | 14 |
| Делчево | ~17.000 | 0.80 | ~5.000 | 12,5 |
| Крива Паланка | ~18.000 | 0.78 | ~5.100 | 12,75 |
| Пробиштип | ~15.000 | 0.75 | ~4.100 | 10,25 |
| Виница | ~17.000 | 0.65 | ~4.000 | 10 |
| Липково | ~27.000 | 0.40 | ~3.900 | 9,75 |
| Берово | ~11.000 | 0.75 | ~3.000 | 7,5 |
| Кратово | ~9.000 | 0.60 | ~2.000 | 5 |
| Чешиново-Облешево | ~7.000 | 0.60 | ~1.500 | 3,75 |
| Македонска Каменица | ~6.000 | 0.60 | ~1.300 | 3,25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Карбинци | ~4.000 | 0.55 | ~800 | 2 |
| Пехчево | ~5.000 | 0.45 | ~820 | 2,05 |
| Старо Нагоричане | ~3.000 | 0.55 | ~600 | 1,5 |
| Зрновци | ~2.000 | 0.55 | ~400 | 1 |
| Ранковце | ~3.500 | 0.45 | ~575 | 1,44 |
| | Вкупен број на гласови | | | 244,74 |

**Член 2**

Со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

**Член 3**

Со оваа Одлука членот 12 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално – финансиско работење и Директор.

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие ги именуваат, односно разрешуваат основачите на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во заедничкото јавно претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 4**

Членот 13 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално – финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските, природни науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именуваат, односно разрешуваат основачите на заедничкото јавно претпријатие.

Член 5

Членот 14 се менува и гласи:

Постапката за избор на Директор се спроведува од страна градоначалникот на општината во кој ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште.

Градоначалникот на општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште формира комисија за административна селекција на кандидатите за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, по претходна согласност на мнозинство на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Комисијата за административна селекција ја сочинуваат три члена и три заменици членови односно два претставника од општините од Североисточниот регион и еден претставник од општините од Источниот регион, додека како заменици членови се два претставника од општините од Источниот регион и еден претставник од општините од Североисточниот регион.

Изборот на членови на комисијата се врши по пат на ждрепка на состанок на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Работата на комисијата за селекција се уредува со деловник за работа на комисијата, кој го подготвува и донесува комисијата.

Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе. кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

Член 6

По членот 14, се додава нов член 14-а кој гласи:

Член 14-а

За избор на членови во Управниот одбор и на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, на предлог на градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, Советите на општините основачи, формираат Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина основач која има најголем број на жители согласно пописот од 2021 година, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе има седиште и еден член и негов заменик, вработени во ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе.

Член 6

Во останатиот дел Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе останува непроменета.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Делчево .

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи на заедничкото јавно претпријатие.

Број 09-1981/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
27.05.2026 — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

16.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево, а во врска со член 23 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) и Одлуката за основање на ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Советот на Општина Делчево, на 10. седница одржана на ден 27.05.2026 донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.

Член 2

Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа, согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

Член 3

Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

**Член 4**

Средствата обезбедени согласно оваа Одлука ќе се користат за:

- теквовно работење на Претпријатието;
- одржување на опрема и инфраструктура;
- развој на системот за регионално управување со отпад;
- други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието;

**Член 5**

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат градоначалниците на општините основачи на Претпријатието и директорот на Претпријатието.

**Член 6**

Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието.

Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.

Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Делчево .

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи.,

Број 09-1982/1
27.05.2026
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски ,с.р.